Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 266//0306
27.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.12.2024 година, врз основа на примена жалба од Град Скопје ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„(Видео) Град Скопје тврди дека неселективно казнува загадувачи, екссоветникот на Данела сведочеше за притисоци врз инспектори“**, објавен на онлајн медиумот Скопје1 (skopje1.mk), на 15.11.2024 отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Град Скопје, на 18.11.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „*(Видео) Град Скопје тврди дека неселективно казнува загадувачи, екссоветникот на Данела сведочеше за притисоци врз инспектори*“**,** при што се жали дека се прекршени етичките и професионалните стандарди во известувањето по повеќе основи, вклучувајќи и нефер и неточно известување.

Притоа, жалителот наведува дека медиумот подолго време сукцесивно објавувал клевети, а дека за конкретниот случај медиумот не побарал одговор од втората страна, конкретно од Град Скопје и секретарот на Градот Зоран Глигоров. Жалителот, исто така, навел дека е упатен демант со барање за извинување, но дека онлајн медиумот тоа не го објавил.

Жалителот, преку адвокатска канцеларија, во жалбата наведува документи и линкови од објавениот текст, од испратениот демант и други материјали, како што е содржината на текстот во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот. Во одговорот главниот уредник Кристијан Ландов ги отфрла наводите од жалителот и наведува дека „во оспорената вест е пренесен став на Град Скопје, а потоа, пренесен и став на екссоветник на градоначалничката Данела Арсовска, лицето Умејр Мухамеди. Во веста се пренесува мислење кое е јавно дадено. Во веста, не тврди „Скопје1“ како што се сака да се прикаже, туку лице со име и презиме, кој според нашата проценка е релевантен извор и јавно ги изнел неговите ставови“.

Медиумот уште наведува дека побарал одговор за тврдењата на ексоветникот уште во јули 2024 година и дека не добил одговор, а демантот не го објавиле затоа што немале потврда дека лицето што го упатило е овластениот адвокат во име на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов *„(Видео) Град Скопје тврди дека неселективно казнува загадувачи, екссоветникот на Данела сведочеше за притисоци врз инспектори*“, објавен на онлајн медиумот Скопје 1 (skopje1.mk), на 15.11.2024 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, т.е работењето на инспекциите на Град Скопје. Во текстот се известува за соопштение на Град Скопје, поточно за спроведена акција од Инспекторатот за животна средина. Медиумот наведува два пасуса од соопштението, при што уште на почетокот го коментира, односно тврди дека, иако Инспекторатот соопштил дека казнил 30-тина фирми, во соопштението е наведено името само на една. Ова може да се оцени како манипулативно и пристрасно известување, затоа што медиумот не навел дали во минатото Инспекторатот веќе соопштувал за другите постапки, групно или одделно и за колку.

Комисијата констатираше дека по овие два - три пасуса, кои се суштината на самата вест, медиумот текстот го завршува со старо тврдење на бивш советник на градоначалничката Данела Арсовска, кое пак се однесува на секретарот на Град Скопје. Иако станува збор за бекграунд на веста што навидум е поврзана со известувањето од Инспекторатот за животна средина, со ова всушност се прави пристрасно и манипулативно известување во кое не се наведени што е можно повеќе факти за случајот од што повеќе извори, туку се изврттува акцијата на Инспекторатот со тврдење од еден човек, поранешен советник на градоначалничката и се инволвира трето лице, во случајов секретарот на Градот, а притоа од него не е побарана изјава.

Прекршокот од етички аспект доаѓа до израз уште повеќе, затоа што овој детал од бекграундот, новинарот го ставил и во насловот на новинарскиот производ, со што без факти, освен старото тврдење на поранешниот советник, го доведува во прашање севкупното работење на Инспекторатот, а во негативна рамка го става и секретарот на градот.

Освен ова, медиумот не го објавил демантот и барањето за извинување упатено од  Град Скопје, преку ополномоштен адвокат.

Со тоа медиумот ги прекршил членовите 1 и 3 од Кодексот на новинари на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска Тамара Чаусидис и Зериета Јајага. На состанокот беше отсутен Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595